# Истражување за релацијата математика-физика

Славица Ѓоргиева

*СОУ Коста Сусинов, Радовиш, Македонија*

**Апстракт.** Денес учениците најчесто наудуваат на проблеми во математичкиот дел при решавање на нумерички задачи по физика. Проблемот настанува бидејќи учениците учат без разбирање и поради тоа што не ја познаваат доволно поврзаноста помеѓу математиката и физиката.

Најчести грешки се прават поради тоа што учениците се навикнати со x, y, z и кога се среќаваат со други ознаки како што се A, P,v, a , прават грешки при изразувањето.

Затоа решив да направам едно истажување во кое учениците од I, II, III и IV година ќе добијат соодветен тест со нумерички задачи од физика. Истиот тест ќе го добијат подоцна со тоа што физичките величини ќе бидат означени со x.y. z, за да дојдеме до заклучок каде има најголем пропус и да го подобриме тоа.